Australian Government

NATIONAL BOWEL CANCER SCREENING PROGRAM

C001 – 7/2025 – Macedonian | Македонски

# САМО ПРИМЕРОК НА ПИСМО

**Направете го овој тест и вратете ги примероците во рок од две недели или што е можно поскоро**

**<Име>, време е да го направите вашиот бесплатен тест за рак на дебелото црево.**

## Придружете се на милиони Австралијци кои прават тест за рак на дебелото црево на секои две години

- Ракот на дебелото црево одзема повеќе животи отколку ракот на дојката, кожата или простатата - при што возраста е најголемиот фактор на ризик.
- Тој може да се појави без симптоми или без семејна историја на рак на дебелото црево, па затоа е важно да го направите тестот дури и ако се чувствувате здраво и во добра форма.
- Доколку се открие рано, над 90% од случаите на рак на дебелото црево можат успешно да се лекуваат.

## Тестот е брз, хигиенски и едноставен за правење

Сè што ви треба е во комплетот, вклучувајќи детални упатства.



1 Земете два мали примероци од две посебни столици (измет).



2 Чувајте ги примероците на ладно место. Не ги замрзнувајте.



3 Вратете ни ги вашите примероци по пошта.

Скенирајте го овој QR-код за да гледате видео со упатство како да го направите тестот.

Резултатот ќе ви биде испратен по пошта вам и на вашиот лекар четири недели откако ќе ни ги испратите примероците.

**Не заборавајте да го направите тестот – ставете го ова писмо на фрижидерот, а вашиот комплет близу до тоалетот**

**За повеќе информации за тестирање за рак на дебелото црево**

Скенирајте го овој QR-код за да ја посетите веб-страницата www.health.gov.au/nbcsp

Посетете ја веб-страницата на National Cancer Screening Register (Национален регистар за тестирање за рак) на www.ncsr.gov.au или јавете се на 1800 627 701

Како ги користиме вашите лични податоци: www.ncsr.gov.au/privacy